УНИ Банка
Универзална Инвестициона Банка

Врз основа на член 86 од Законот за банки (Сл.весник на РМ бр.67/07), и член 41 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД, Собранието на Банката на ден 27.08.2018 година, донесе:

# О Д Л У К А

за назначување на членови на Надзорен одбор на
Универзална Инвестициона Банка АД Скопје

1.За членови на Надзорен одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје се назначуваат:

- Г-дин Светозар Александров Попов од Софија-Р Бугарија, дипломиран економист со професионална класификација магистар по економија, со банкарско работно искуство од 16 години, во моментот извршува функција член на Управен одбор, Извршен директор и Главен директор за ризици на Прва Инвестициона Банка АД Софија, и
- Г-ѓа Ралица Иванова Богоева од Софија-Р Бугарија, дипломиран економист, магистар по Сметководство и контрола, со банкарско работно искуство од 16 години, во моментот на работна позиција Главен директор на Информациони технологии и операции во Прва Инвестициона Банка АД Софија.

2.Мандатот на новоименуваните членови, е до истекот на мандатот на останатите членови на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, односно до 15.08.2021 година.

3. Именуваните членови на Надзорен одбор има права и обврски согласно Законот за банки, Статутот и другите акти на Банката.

4. Се овластува Управниот одбор на банката да ги превземе сите потребни правни дејствија за промена на членовите на Надзорен одбор во Народна Банка на РМ и Централниот регистар на РМ, како и по потреба да врши дополнување и измена на оваа одлука.

5.Одлуката да се достави до Народна Банка на РМ, заради добивање на предходна согласност за член на Надзорен одбор на банката, до именуваните лица и архива на банката.

6. Одлуката стапува на сила со денот на добивање на предходна согласност за член на Надзорен одбор на банката, од Гувернерот на Народна Банка на РМ.

О б р а з л о ж е н и е

До Собранието на акционери беше доставен предлог од акционерите Г-дин Ивајло Мутафчиев и Г-дин Цеко Минев, за членови на Надзорен одбор на банката да бидат избрани Г-дин Светозар Александров Попов од Софија-Р Бугарија, дипломиран економист со професионална класификација магистар по економија, и Г-ѓа Ралица Иванова Богоева од Софија-Р Бугарија, дипломиран економист, магистар по Сметководство и контрола.

Г-дин Светозар Александров Попов од Софија-Р Бугарија, во моментот извршува функција член на Управен одбор, Извршен директор и Главен директор на ризици во Прва Инвесатициона Банка АД Софија и Г-ѓа Ралица Богоева од Софија-Р Бугарија во моментот во е на работна позиција Главен директор на Информациони технологии и операции во Прва Инвестициона Банка АД Софија.

Собранието на акционери на банката констатира дека предложените членови во целост ги исполнуваат законските услови за член на Надзорен одбор на банката. Тие поседуваат големо банкарско искуство, ја познаваат законската регулатива од областа на банкарството, и Собранието на акционери смета дека со своите знаења и искуства именуваните лица успешно ќе ја извршуваат функцијата член на Надзорен одбор на УНИБанка АД Скопје, пради што ја донесе оваа одлука како во изреката.

наш број : 0201/6-9/2018
27.08.2018 година

СОБРАНИЕ
ПРЕТСЕДАВАЧ

**УНИБанка**
Универзална Инвестициона Банка

Врз основа на член 86 од Законот за банки (Сл.весник на РМ бр.67/07), и член 41 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД, Собранието на Банката на ден 27.08.2018 година, донесе:

# О Д Л У К А
## за разрешување член на Надзорен одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје

1.Се рарешува Г-дин Светослав Молдовански, државјанин на Р.Бугарија од функција член и претседател на Надзорен одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје.

2. Со разрешувањето на членот од Надзорниот одбор му престануваат сите права и обврски кои произлегуваат од членството.

3. Разрешениот член на Надзорен одбор по престанокот на членството не смее да открива податоци и информации на Банката кои со закон и акти на Банката се утврдени како деловна тајна на Банката.

4. Одлуката стапува на сила со денот на донесување, а ќе произведува правно дејство по изборот и почеток на мандатот на новоизбраниот член на Надзорен одбор на банката, односно по добивање на предходна согласност од Народна банка на РМ на новоизбраниот член на Надзрниот одбор на банката.

5. Се овластува Управниот одбор на банката да ги превземе сите потребни правни дејствија за упис на промената на членот на Надзорен одбор на Банката, и тоа во Народна Банка на РМ и Централниот регистар на РМ, како и по потреба да врши дополнување и измена на оваа одлука.

6. Оваа Одлука се доставува до разрешениот член на Надзорниот одбор, Народна Банка на РМ и архива на Банката.

наш број : 0201/6-8/2018
27.08.2018 година

СОБРАНИЕ
ПРЕТСЕДАВАЧ